РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS

Бр./Nr. 09 - 1100/4
30-07-2020 г./v.

Врз основа на член 22 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 36-тата седница, одржано на ден 23 јули 2020 година, донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата го запира постапувањето по предметот со број 09-1100/1 од 07.03.2019 година, бидејќи нема елементи за нејзино натамошно постапување, односно не е утврдено влијание при постапка за вработување на лицето Бојан Вељановски во ЈП „Национални шуми", од страна на раководителот на подружница на ЈП „Национални шуми – Македонски брод, Слободан Вељановски .

Предметот со број 09-1100/1 од 07.03.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-1100/1 од 07.03.2019 година е оформен врз основа на добиени сознанија од медиумите во Република Северна Македонија, а се однесува на за утврдување постоење судир на интереси за лицето Бојан Вељановски, вработен во ЈП Национални шуми, син на раководителот на подружницата на Национални шуми-Македонски брод, Слободан Вељановски.

По добиени сознанија, од медиумите во Република Северна Македонија, Државната комисија за спречување на корупцијата заклучи, согласно член 76 став 1 и 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по службена должност, иницира и поведе постапка за утврдување постоење судир на интереси при постапка за вработување на лицето Бојан Вељановски.

Државната комисија се обрати до ЈП „Национални шуми", со цел прибирање на документи, податоци и информации заради утврдување на фактичката состојба и испитување на наводите од медиумите за постоење на состојба на судир на интереси.

Побараните податоци од наведената институција беа уредно доставени, согласно законскиот рок.

Од увидот во документацијата, Државната комисија ги утврди следниве состојби:

Лицето Бојан Велјаноски е вработено во ЈП Национални шуми – Скопје, Подружница ШС „Сандански" Македонски Брод по Јавен Оглас бр. 05/2018 на работно место референт за користење на шуми и дотур за кое се барале три извршители. За спроведениот Оглас е формирана комисија за селекција за постапка за вработување. Составен е записник од проверка на внесените податоци во пријавите за вработување со услови утврдени во Јавниот оглас и проверка на приложените докази од пријавите – пријавени се седум кандидати. Понатаму составен е Записник од работата на Комисијата за селекција за постапка за вработување на интервју со кандидати во ЈП Национални шуми – Скопје одржано на 26.12.2018 година. Составена е **ранг листа** по наведениот оглас, при што лицето Бојан Велјаноски е втор на листата со освоени 15 бода. По спроведената постапка директорот на ЈП Национални шуми – Скопје, Зоран Ѓорѓиев носи одлука за избор на работници, при што примени се првите три кандидати од наведената ранг листа, помеѓу кои е и лицето Бојан Велјаноски кој е на второ место, а се бараат тројца извршители. Вработувањето е спроведено согласно Законот за јавните претпријатија, Законот за вработени од јавен сектор и Законот за работни односи.

При вака спроведена постапка за вработување, Државната комисија не е утврди влијание при постапка за вработување на блиско лице, од страна на назначено лице, во конкретниот предмет, раководителот на подружницата на Национални шуми- Македонски брод, Слободан Вељановски.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: м-р Станка Милановска, виш соработник
Одобрил: м-р Владимир Георгиев, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Заменик Претседател,
Катица Николовска**